Општина Кочани
*Rade Kratov~e br.1 * 2300 Ko~ani * Makedonija*
*Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542*
*www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk*

Врз основа на член 2 став 1), став 2) и став 3) од Уредбата за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2014 и бр.147/2014), Секретарот на Општина Кочани, распишува

**ЈАВНА ОБЈАВА**
**за ангажирање на лица за вршење работи – достава на акти**
**со Договор на дело**

Општина Кочани, распишува јавна објава за ангажирање на најмногу **20 (дваесет)** невработени лица за вршење на работи – достава на акти со Договор на дело.

Лицата кои ќе бидат ангажирани за достава на акти, ќе вршат достава на Решенија за данок на имот за физички и правни лица, Решенија за комунлна такса за физички и правни лица и Опомени за данок на имот или комунална такса.

Доставата ќе се врши на територија на општина Кочани, односно општината ќе исплати паричен надоместок во износ **20 денари** од достава на Решенија за данок на имот за физички и правни лица, Решенија за комунлна такса за физички и правни лица со Опомени за данок на имот или комунална такса.

Со секое ангажирано лице ќе се склучи посебен Договор, во согласност на член 619 од Закон за облигациони односи – Договор на дело.

Минимум критериуми и потребна документација за пријавување:

- Пријава за јавна објава, со лични квалификации, адреса и телефон за контакт;
- Лицата кои се пријавуваат да имаат завршено минимум средно образование;

Јавната објава трае 7 (седум) дена од денот на објавувањето, односно од 01.02.2020 година до 07.02.2020 година.

Пријавите со документацијата се доставуваат во Едношалтерската канцеларија на Општина Кочани или по пошта на адреса: ул. Раде Кратовче бр.1, 2300 Кочани, Република Македонија.

**Секретар на**
**Општина Кочани**
**Александар Јосифов**

____________________

Изготвил:
Драган Ананиев